0817
ДГОД
11.2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
Бр. 08-117/20
15.05 2018 год.
с. Миравци Гевгелија

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА од учениците од VI одд. од ООУ„Климент Охридски "- Миравци

Според програмата на ООУ „Климент Охридски"- Миравци, во деновите 4.5.2018 г. и 5.5.2018 г. беше изведена наставно-научна екскурзија низ Р. Македонија.

**Цел на екскурзијата:**

Училишната екскурзија има за цел совладување, проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето.

Екскурзијата беше изведена од ТА „ДОРИ " од Негорци.

## МАРШУТА И АКТИВНОСТИ КОИ ШТО БЕА ОСТВАРЕНИ:

### 1 ден: Миравци - Кавадарци – Прилеп - Охрид

Поаѓањето беше договорено да се изврши во утринските часови пред училиштето, па пристигнувањето на автобусот (минибус) учениците го дочекаа со голема возбуда и радост. Тие со нестрпливост се сместија во автобусот, со насмеани лица им отпоздравија на своите родители и нашето патешествие започна. По кратко време учениците послушно и внимателно ги слушаа првите инструкции од страна на туристичкиот водич кој ги упатуваше на правилата и однесувањето при патувањето. Првото застанување на бензинската станица кај Неготино претставуваше одмор, но и забава за учениците користејќи ги лулашките и другите играчки во забавниот дел од бензинската. Запознавањето со убавините на Македонија започна со една од најголемите хидроцентрали за производство на електрична енергија **ХЕЦ „Тиквеш" и Тиквешкото Езеро**. Додека автобусот бавно се движеше по тесниот пат, нашиот туристички водич ни објаснуваше што ќе видиме. Долу, пред големата брана, ја здогледавме хидроцентралата, а ние се искачувавме нагоре кон езерото. Наеднаш пред нашиот поглед се отвори широк простор, а распространетоста на езерото се ширеше во недоглед.

Тиквешкото Езеро се наоѓа во јужниот дел од државата во кањонот на реката Црна и е одалечено 12 км од Кавадарци, односно 3 км јужно од селото Возарци. Се наоѓа на надморска височина од 165 м и има конусна форма, а се протега во правец северо-југ. Тиквешкото Езеро по површина е најголемо вештачко езеро во Македонија. Езерото има површина од 14 км кв., во должина од 28,5 км, а просечно е широко 500 м. Најголемата длабочина на езерото изнесува 105 м. Езерото е настанато во 1968 година со преградување на кањонот на реката Црна и со изградба на брана висока 104 м. Браната чија должина изнесува 338 м е изградена од нафрлан камен со глинено јадро. Езерото има три трајни острови. Тиквешкото Езеро изобилува со флора и фауна, со најразлични видови на слатководни риби и птици, со непроценливи културно – историски знаменитости кои воедно претставуваат и огромно богатство. Во неколкуте населби на езерото има околу 3.000 викендички, а специфични и посебно атрактивни се оние до кои се патува со чамец.

Разгледувајќи ги природните убавини на околината, се одморивме и уживавме во прекрасната глетка. „Големата чинија" поставена во езерото, која ја контролира надојдената вода и истекува во реката, кај нас предизвика воодушевување и восхит. Убавините, природната тивкост, чувството на одвоеност од целиот свет нè

исполни со мир и спокој како да сакавме да зграпчиме уште некој момент пред да се одвоиме оттука.

Се упативме кон Македонскиот Ерусалим – **градот Охрид.** Поминувањето покрај градовите и долгиот пат ја зголемија нетрпеливоста кај учениците за пристигнувањето во Охрид, но времето беше исполнето со пеење народни песни. Првата станица беше посетата на **Билјанините Извори**. Билјанини Извори е извор на вода во Охрид, најпознат по легендите поврзани околу него. Билјанини Извори всушност е преливот на вода во базенот што се наоѓа над отворите каде што таа истекува. За бистрата вода на Билјанините извори, македонскиот народ пропеал многу песни, а една од нив е „Билјана платно белеше". Прошетката под високите дрвја, жуборот на водата, зеленилото во паркот, ни ја вратија енергијата во нас. Голема радост и воодушевување покажаа учениците при разгледувањето на многубројните чамци, што се укотвени во малиот залив.

Нестабилното време и краткотрајниот дожд ни оневозможија веднаш да се упатиме кон историските локалитети. Се прошетавме низ **старата Охридска чаршија**, на кејот покрај езерото, го видовме **пристаништето**, но неизбежно беше играњето во забавниот парк со лулашки, лизгалки и топогани. Детска смеа, жагор ечеше во околината. Се придруживме кон групата ученици од нашето училиште и тргнавме кон разгледување на градот Охрид, на кој седумте милениуми постоење му оставиле огромно културно – историско наследство. Во Охрид можат да се посетат локалитети и објекти кои датираат од праисторијата, антиката, ранохристијанството, средновековието, исламот... Турскиот патописец Евлија Челебија го посетил Охрид во XIV век и забележал дека градот има 365 цркви, по една за секој ден од годината.

Одејќи низ улиците на **стариот град**, поминавме покрај **црквата Св.Софија** и стигнавме до **античкиот театар Лихнидос**. Тетарот е ситуиран под Самоиловата тврдина блиску до Горната порта на источнот дел на ридот во Охрид, од каде што се пружа незаборавна глетка на езерото и планините кои го опкружуваат. Класичниот театар бил изграден пред околу 2000 години или во доцниот македонски период или кратко по Римското освојување. Тука бевме приморани да останеме извесно време под покриениот дел на сцената бидејќи дождот нè изненади. Туристичкиот водич ни го објасни постоењето на театарот во минатото кој во денешно време се користи за разни културни настани.

По кратко време се упативме кон **Плаошник** — меснoст на јужната страна од ридот на кој се наоѓа стариод град Охрид, на околу 250 м јужно од централниот дел од Самуиловата тврдина. Плаошник е познат како религиозен локалитет уште од почетоците на христијанството, а веројатно и пред тоа. Пронајдени се неколку големи ранохристијански базилики, како и остатоците од црквата Свети Пантелејмон која ја изградил и во која работел Свети Климент Охридски. На 11 август 2002 година свечено бил осветен новоизградениот храм **Светите Климент и Пантелејмон.** Светиклиментовиот гроб во новиот храм е на старата гробна конструкција, целиот под стакло, а над него има саркофаг од мермер во кој се наоѓа ковчежето со моштите на свети Климент. Се поклонивме пред моштите на свети Климент и си посакавме желби за здравје, среќа, успех. Враќајќи се назад, уживавме во прекрасниот поглед на езерото како да се наоѓа веднаш пред нас во дофат на нашите раце. Поминавме покрај **Самоиловата тврдина** и повторно низ стариот град стигнавме до чаршијата. Ги разгледавме преубавите дуќани исполнети со секакви работи, а туристи од цел свет нè пресретнуваа и весело нè отпоздравуваа.

Наскоро се упативме кон **хотелот „Амбасадор"** и се сместивме во собите. Заморот од целодневното напорно шетање за кратко време беше заменето со општа раздвиженост низ собите. Следуваше вечера и забава покрај другите гости во хотелот. Возбудата од дружењето со соучениците не можеше долго време да се совлада до доцните вечерни часови.

## 2 ден: Охрид – Вевчани – Битола – Миравци

Вториот ден по појадокот патувањето продолжи кон градот – држава **Вевчани,** познат по традиционалниот карневал кој секоја година се одржува на Василица 13-ти и 14-ти јануари. Вевчани изобилува со неверојатна природна убавина, а вистинска атракција се Вевчанските извори. За да стигнеме до изворите потребни ни беа 10-тина минути од центарот на селото нагоре при што дадовме огромни напори при качувањето. Го посетивме главниот извор кој се наоѓа во пештера. Ова е вистински предизвик за секој љубител на природата и ние уживавме во убавините на овој споменик на природата. Во пределот кај изворите направена е посебна пешачка патека и направени се дрвени клупи и масички. Уживавме во зеленилото на околината и звукот на водата кој нѐ фасцинира со својата огромна бучава поради надојдената вода.

Продолживме кон **Струга** - градот на браќата Миладиновци. Како основачи на македонската национална преродба, Димитар и Константин биле поттик за светскиот поетски фестивал во Струга, „Струшките вечери на поезијата", кој традиционално се отвора секоја година со Константиновата антологиска песна „Т'га за југ", која има 70 препеви на околу 50 јазици. Одејќи покрај **реката Дрим** го здогледавме мостот каде што се одбележува овој величествен настан.

Кратко прошетавме покрај реката Дрим – симболот на Струга и се упативме кон античкото наоѓалиште **Хераклеа** кој се наоѓа во близина на градот Битола, во подножјето на Баба планина, што датира од средината на 4. век пред нашата ера - Хераклеа Линкестис (Heraclea Lyncestis). Основан од македонскиот крал Филип II Македонски, градот бил граден, доградуван, рушен и одново граден и надградуван и уште од неговото настанување во доцната бронзена ера, потоа хеленистичката епоха, римска, па се до рановизантиската епоха имал статус на град со висок степен на цивилизација. Сето ова ни го објасни кустосот во четириесетминутното предавање и ни ги покажа археолошките ископини наоколу. Мозаиците со пауните и со елените како мотиви од Библијата кои се простираат на исклучително впечатлива површина од 1.300 квадратни метри, посебно нѐ воодушевија.

Во градот на конзулите – **градот Битола** имавме ручек и краток одмор во ресторанот „Император". Потоа следуваше прошетка низ **Широк Сокак**, познат и како „Битолско Корзо" — најпрометната и најпознатата улица во центарот на Битола, со бројни дуќани и локали. На Широк Сокак се наоѓаат најголемите продавници, ресторани, театарот со опера, галерии и многу кафулиња и клубови. Тука се сретнуваат најстарите архитектонски дела и градби на Балканот, коишто го красат градот уште од турско време. Се упативме кон **Прилеп,** гледајќи го панорамски градот Прилеп и околината, а направивме попатна посета на **„Могилата на непобедените"** – Меморијален комплекс во спомен паркот на Револуцијата во Прилеп. Комплексот е изграден во чест на загинатите борци од НОВ.

Тргнавме кон Миравци и по новиот автопат Демир Капија - Смоквица пристигнавме дома во вечерните часови. Дружењето, пеењето, смеењето, радоста, убавото расположение и веселоста кај учениците во текот на патувањето се посебни неискажливи чувства и доживувања.

Целта на екскурзијата беше во целост остварена со содржините кои на почетокот ни беа планирани.

**Екскурзијата ја раководеа:**

Претставник од агенцијата
Маја Танова - одд. раководител
Маја Цветановиќ - медицинско лице

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈ
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШ
КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
Бр. 08-117/21
15.05.2018 год
с. Миравци Гевгелија

Арх. знак 0817
Рок на чување 1Г.
200 год.
Потпис, М.Д.

**ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВЕДЕНАТА ЕКСКУРЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX одд. ОД ООУ „ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- МИРАВЦИ**

Според програмата на ООУ „Климент Охридски“- Миравци , во деновите 03, 04, 05. 05. 2018 год. беше изведена наставно-научна екскурзија низ Р. Македонија.

**Цел на екскурзијата:**

Училишната екскурзија има за цел совладување, проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитнообразовната работа на училиштето.

Екскурзијата беше изведена од ТА „ДОРИ “ од Негорци.

**МАРШУТА И АКТИВНОСТИ КОИ ШТО БЕА ОСТВАРЕНИ:**

**1 ден: Миравци- Струмица – Штип – Куманово – Скопје**

Тргнавме на 03. 05. 2018 год. (четврток) во 8 часот пред училиштето од Миравци. Учениците со нестрпливост го очекуваа сместувањето во автобусот и тргнувањето на нашето патешествие. Се упативме кон манастирскиот комплекс Водоча и Вељуса, каде што ги посетивме црквите св.Богородица и св.Леонтиј. Покрај религиозното значење, овие цркви имаат и историско значења за нашата земја, овде е ослепена војската на цар Самуил. Учениците беа воодушевени од изградбата на црквите. Потоа продолживме кон градот Куманово и го посетивме ценатрот на градот.Бидејќи временските услови не ни дозволија да останеме долго време, посетата беше кратка. Се упативме кон главниот град Скопје. Водичот од автобусот ни ги претстави градбите покрај кои поминавме, па така направивме панорамска разгледница на градот со своите знаменитости.

По желбата на учениците го посетивме саемот на книгата. Кога пристигнавме таму сите заедно влеговме во салата. Учениците имаа време од околу 1 час да ги разгледаат изложените дела, а доколку нешто им се допадне и да купат книга или научна енциклопедија. Учениците се собраа на договореното место и така среќни со новите книги и енциклопедии се упативме кон Трговскиот центар „Веро – Џамбо". После едукативната активност, време е за забава. Овде учениците имаа време од околу 1 час и половина за слободна активност. Тие се шетаа низ Трговскиот центар и се забавуваа. После ручекот пеш се упативме кон хотелот. Во вечерните часови пристигнавме и се сместивме во хотелот „Вип" - Скопје, каде што вечеравме и ноќевавме.

**2 ден – Скопје – Тетово – Охрид**

Вториот ден 04.05.2018 г. по појадокот патувањето продолжи кон Матка. Нашиот туристички водич ни објасни што ќе видеме, а ние го продолживме патот пеш по угорнината разгледувајќи ја околината со широко распространетото зеленило кое преминуваше во тесна карпеста површина.

Матка — кањон на реката Треска, десна притока на Вардар, зафаќа површина од околу 5.000 хектари и се наоѓа на 17 километри југозападно од Скопје. Денес на овој простор се среќаваат голем број реликтни и ендемични растенија и животни. Значајно е да се напомене и тоа дека во кањонот Матка се среќаваат 77 видови на балкански ендемични мали пеперутки. Поради особеностите на самиот терен и тешката пристапност која нудела поголема сигурност, во минатото во кањонот Матка биле изградени поголем број на цркви и манастири. Поради големиот број на цркви и манастири, Матка го носи и името Света Гора.

Сите бевме воодушевени од прекрасната природа. Тоа беше добра пауза за сите нас. Отако се смесивме во автобусот се упативме кон Тетово. Имавме прекрасна прошетка низ градот, а главна цел на посета во овој град беше Шарената џамија . Таа била изградена во 1495 година. Споменикот претставува репрезентативен примерок од исламската верска архитектура и уникатна уметничка реализација, со специфична надворешна и внатрешна фреско декорација. Џамијата се состои

од сала за молитва, хајат, минаре, турбе, чешма со знаци, гробови, итн. Тие се опкружени со ѕид, покриен со ќерамиди. Главниот влез во дворот на џамијата е на запад , но постојат уште два влеза- едниот на југоисток и другиот на северна страна. Наша наредна дестинација беше Македонскиот Ерусалим- Охрид. По кратката пауза за ручек посетивме локалитети и објекти во Охрид кои датираат од праистријата, антиката, ранохристијанството, средновековието. Ги посетивме: Самоиловата тврдина од каде што имавме прекрасна глетка на Охрид и Охридското Езеро, ранохристијанската базилика Плаошник, античкиот театар Лихнидос, стариот град, старата Охридска чаршија, црквата св. Софија, Билјанини извори. По напорниот ден ни беше потребно да земеме здив и да ги средиме досегашните впечатоци, па имавме поголем попладневен одмор. Во вечерните часови сtатавме во хотелот „Амбасадор. Сè до вечерата учениците имаа слободно време за дружење.

### 3 ден. – Охрид – Вевчани – Битола - Прилеп – Миравци

На 05.05.2018 год. по појадокот заминавме кон градот – држава Вевчани. Овде го ги посетивме Вевчанските Извори. Тие се сместени на источните падини на планината Јабланица, кај селото Вевчани, на надморска височина од 900 метри. Главниот извор е сместен во отворот на пештера.

Заминавме кон градот на конзулите – Битола каде имавме ручек и краток одмор во ресторанот „Император“. После ручекот следуваше прошетка низ Широк Сокак. Покрај прошетката учениците го посетија и забавниот парк во Битола.

Се упативме кон Прилеп и панорамски ја разгледавме прилепската околина. Таму го посетивме паркот Могилата на непобедените , кој претставува меморијален комплекс во Спомен паркот на Револуцијата во Прилеп. Комплексот бил изграден во 1961 година во чест на загинатите борци од НОВ. Овде се наоѓаат мермерни постаменти и бронзени спомен бисти од десетте загинати Народни херои од НОБ од Прилеп: Мирче Ацев, Борка Велески-Левата ,Рампо Левката, Круме Волнароски и други.

Тргнавме кон Миравци и пристигнавме дома во вечерните часови. Дружењето, пеењето, смеењето, радоста, убавото расположение и веселоста кај учениците во текот на патувањето се посебни неискажливи чувства и доживувања.
Целта на екскурзијата беше во целост остварена со содржините кои на почетокот ни беа планирани.

**Екскурзијата ја раководеа:**

- **Љубица Зумровска –** одд. раководител
- **Ева Георгиоска –** наставник по германски јазик
- **Маја Танова** – одд. раководител
- **Бети** – претставник од агенцијата
- Лекар/ медицинско лице

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈ
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТ
КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
Бр. 08-117/22
15.05 2018 год
с.Миравци Гевгелија

# ИЗВЕШТАЈ

Од реализираната научна екскурзија за учениците од трето одделение при ООУ,,Климент Охридски"- Миравци.Агенција преку која се реализираше екскурзијата " Путник"-Гевгелија. На 13 мај 2019 год / понеделник , релација Миравци –Скопје – Миравци.

Поаѓањето беше во 8 часот од пред училиштето . При патувањето кон Скопје попатно беше виден археолошкиот локалитет "Стоби" и "Меѓународен аеродром Скопје" .

Продолживме кон централниот дел на Скопје, посетено : „ Скопско кале" , „Старата чаршија" , „ Спомен куќата на мајка Тереза" , „ Музејот на илузии" . Прошетка низ плоштадот „ Македонија" и разгледување на спомениците:„ Кирил и Методиј",„ Климент и Наум", „ Камениот мост", „ Воин на коњ".

Организирано беше и ручек за учениците во попладневните часови .

Пристигнувањето во Миравци беше во вечерните часови : 19 часот и 30 мин .

Одделенски раководител:

Кристина Петкова

ООУ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА с.Миравци Гевгелија